РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ „ТОШО АРСОВ"

| Примено: | 16.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0402 | 343/2 | | |

ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-4158/5*
*16.06.2026 година*
*Ш т и п*

Врз основана член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), Градоначалникот на Општина Штип на ден 16.06.2026 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ" ШТИП**

1.За вршител на должноста – Директор на ООУ„Тошо Арсов" - Штип, се именува:

**– Анка Ангеловска, наставник по одделенска настава**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип, а стапува на должност од 16.06.2026 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до утврдување на престанок на функцијата вршител на должност директор на ООУ„Тошо Арсов"– Штип, со Решение број 09-4158/4 од

15.06.2026 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста – Директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Тошо Арсов" Штип, вработената на неопределено време во истото основно училиште Анка Ангеловска, на работно место наставник по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општината Штип**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Доставено до:*

- *Архива*
- *ООУ „Тошо Арсов" Штип*
- *Именуваниот*
- *Одделение за правно-нормативни работи и поддршка на Советот*